**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за јавни дејности** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Раководител/Помошник раководител на Сектор за јавни дејности** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Претставник од Сектор за јавни дејности** |

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
## за формирање на тело „Скопје ЕПК 2028“

Скопје, август 2024

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник наРепублика Македонија“ број 05/02),Советот на Град Скопје на ____ седница, одржана на ________2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на тело „Скопје ЕПК 2028“**

Член 1

Со оваа одлука Град Скопје формира тело за спроведување на активностите кои произлегуваат од титулата „Скопје ЕПК 2028“.

Член 2

(1) Телото „Скопје ЕПК 2028“ го сочинуваат 13 (тринаесет) членови од кои 3 (три) определени од Градоначалникот на Град Скопје, 3 (три) определни од Министерство за култура и 7 (седум) - независни стручни лица од областа на културата и уметноста, избрани по пат на јавен повик спроведен од страна на Град Скопје.
(2) Со телото „Скопје ЕПК 2028“ ко-претседаваат Градоначалникот на Град Скопје и Министерот за култура.

Член 3

Работата на телото се уредува со посебен акт за работа, кој што го усвојуваат членовите на телото „Скопје ЕПК 2028“ на првиот состанок.

Член 4

Телото се состанува најмалку еднаш месечно, при што на секои 3 (три) месеци изработува Извештај за неговата работа кој се доставува до Советот на Град Скопје.

Член 5

(1) Организациска и административна поддршка на телото ја обезбедуваат Секторот за јавни дејности и Секторот за меѓународна соработка и поддршка на здруженија и фондации.
(2) Работата на телото се финансира од Буџетот на Град Скопје, а надоместокот на членовите се уредува со решението за назначување во рамки на средствата за тутулата одобрени за таа намена.

Член 6

Средствата за спроведување на активностите кои произлегуваат од титулата ќе бидат дополнително утврдени од страна на телото „Скопје ЕПК 2028“ и ќе се предвидуваат во Буџетот на Град Скопје и од други извори.

Член 7

Начинот и постапката за избор на независните стручни лица од областа на културата и уметноста поблиску ќе се уреди со акт кој го донесува Градоначалникот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 8

Се задолжува Градоначалникот на Град Скопје да ја спроведе оваа Одлука.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број__________________
______ 2024 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува одлуки.

Европска престолнина на културата е програма на Европската Комисија започната во 1985 година, во кој период оваа титула е доделена на околу 60 градови од 30 земји од Европа а од 2021 и на градови од земји кандидатки за Европска Унија. Европска престолнина на културата (European Capitals of Culture) е иницијатива дизајнирана да:

- го нагласи богатството и разновидноста на културите во Европа;
- ги празнува културните карактеристики кои европските граѓани ги споделуваат;
- се зголемува чувството на припадност на европските граѓани кон една заедничка културна област;
- го поттикне придонесот на културата во развојот на градовите.

Искуствата покажале дека оваа програма е одлична можност за:

- регенерацијата на градовите;
- подигање на меѓународниот профил на градот;
- подобрување на имиџот на градовите во очите на своите жители;
- внесување на нов живот во културата на градот;
- зголемување на туризмот.

Целта на ЕПК е да се промовира различноста на културите во Европа, да се истакнат заедничките карактеристики и да се поттикне придонесот на културата во долгорочниот развој на градовите.

Кандидатурата за престижната титула „Европска престолнина на културата“ (во натамошниот текст: ЕПК) за Скопје претставуваше сложен процес кој се одвиваше повеќе години и во кој беа вклучени градските и државните културни институции, многу активни чинители од областа на културата и експерти, чие залагање колуминираше во 2023 година со изборот извршен од страна на Европската комисија, Град Скопје да биде Европска престолнина на културата во 2028 година.

Програмата која што се приложи како дел од апликацијата се заснова на шест принципи, дефинирани во член 5 од Одлуката на Европскиот парламент и Европскиот совет број 445/2014 од 16 април 2014 година, објавена во Официјалниот весник на Европската Унија број L132 од 03.05.2014 година, како критериуми за оценка на апликациите и тоа :

1. ***<u>Придонес кон долгорочната стратегија</u>***
2. ***<u>Европската димензија</u>***
3. ***<u>Културни и уметнички содржини</u>***
4. ***<u>Капацитет за испорака</u>***
5. ***<u>Опфат</u>***
6. ***<u>Управување</u>***

Во основа добивањето на титулата опфаќа опфаќа активности и вклучува планови за оддржливи културни активности и по годината на добивање на

титулата, вклучување на локалното население и граѓанското општество во спроведувањето на активностите; создавање на нови, со широк спектар оддржливи можности, граѓаните да присуствуваат или учествуваат во културните активности, особено младите, волонтерите и маргинализираните и обесправените групи, вклучувајќи ги и малцинствата, со посебно внимание на лицата со инвалидност и постарите лица, во однос на достапноста на овие активности. Статусот „Европска престолнина на културата“ предвидува и управувачка структура - тело за спроведување на истата со цел соработка меѓу властите  и уметничкиот тим.  Телото за спроведување на активностите треба да го сочинуваат лица со соодветни вештини и искуство за да ја планираат, управуваат и реализираат културната програма особено за годината на титулата.

Со овој избор се отвори можност Град Скопје да стекне значителна културна, општествена и економска корист, а со тоа да се помогне во урбаната регенерација, подигање на меѓународниот профил на градот, подобрување на имиџот на градот во очите на своите жители, внесување на нов живот во културата на градот, зголемување на туризмот и зголемување на видливоста на европската и светската сцена.

Со цел спроведување на активностите кои произлегуваат од титулата „Скопје ЕПК 2028“ потребно е да се формира тело, кое треба да ја следи временската рамка за реализација на активностите кои произлегуваат од титулата „Скопје ЕПК 2028“, да ја координира и да ја следи динамиката на предвидените активности; да комуницира со сите релеванти институции заради воспоставување на партнерство и поддршка; да комуницира со Европска Комисија и другите тела на Европска унија; да го дефинира буџет на годишно и повеќегодишно ниво за реализација на активности кои произлегуваат од титулата „Скопје ЕПК 2028“, како и буџетот за подготвување на Програмата за 2028 и др.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за формирање на тело „Скопје ЕПК 2028“.